Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за правда
Ministria e Drejtësisë

Бр. - Nr 08-414/1
10.02.2025 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-414/1
датум 10-02-2025

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

Министерот за права со решение бр. 08-2510/1 од 30.09.2024 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2024 година.
**Комисијата за надзор на ден 10.10.2024 година во 10:30 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-1158/3 го започна надзорот во **Основен суд Тетово** за контролниот период од **2020 до 2024 година**, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2019 година до 2024 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Хасан Асани, раководителот на одделение за информатика Зоран Ѓорѓески раководителот на Граѓанскиот оддел Везирет Шахини, како и судските советници Стевица Саркоски и Шпреса Даути.

Објектот на судот е реновиран со средства одобрени од Судски буџетски совет, обновена е надворешната фасада, реновирани се внатрешно просториите без промена на електричната инсталација. Од лошата и дотраена инсталиција често се случуваат дефекти, видео диплеите се расипани, а исто така и камерите. Судот обезбедил агрегат за струја.

Во зградата е сместено јавното обвинителство, трошоците за струја им се оделени имаат посебни струјомери, а имаат заедничка јавна набавка за нафта за греење.
Во зградата на судот се наоѓа правобранителството и канцеларијата за пробација.
Исто така во судот е определена и просторија за прием на странки.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Постојани вработувања во судот нема подолг период. Во 2022 година се унапредени 12 службеници, во 2023 година унапредени се 29 судски службеници, вработени се и хаус мајстор и судски референт - дактилограф.

За 2025 предвидени се 6 нови вработувања.
Од 26 судиски места предвидени по систематизација, моменталната бројка на избрани судии изнесува 14 судии и претседателот на судот. Еден судија е делегиран во Основниот суд во Гостивар - судијата Теодора Евтимовска Бојковска
Заради активен оглас за повисок суд во Судскиот совет, има можност да бидат избрани 3 судии од Основниот суд Тетово, додека 3 судии во 2025 година исполнуваат услови за старосна пензија, со што во судот ќе останат само 8 судии, што е премалку во однос на бројот на население и бројот на годишниот прилив на предмети во судот.

Претседателот на судот доставил барање за избор на 6 нови судии заради совладување на нормата. Во последните две години немаат ажурност, за што Судскиот совет бил во посета. Во судот 14 лица се со договор на определено време. Судот даде предлог на лицата на определено време да им се трансформира работниот однос на неопределено, со цел судот да даде оптимални резултати.

ЗАБЕЛЕШКА:
**Основниот суд Тетово е позитивен пример на суд кој реално докажал дека доколку Судскиот буџетски совет и Министерството за фиинансии одобри потребен буџет, претседателот на судот навистина успешно менаџирал со судот и успеал за релативно кратко време судска зграда од 1950 година да ја оспособи за да ги задоволи потребните стандардни услови за работа.**
**Покрај ова, претседателот на судот со својата посветена работа успеал да воведе задолжително користење и примена на автоматизираниот систем АКМИС, да ги надмине сите претходни забелешки на комисијата за надзор за судот, притоа воведувајќи стандарди и целосна примена на одредбите од судскиот деловник, вклучително и одредбите за архивирањето во судот. Претседателот на судот и целиот колектив во судот видно се посветиле на задачата и постигнале значајни резултати во однос на работењето на судот.**

ПРЕПОРАКА:
**Министерството за финансии, Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија во 2025 година да ја овозможат**

суштинската потреба за правилно функционирање на судовите и да го одобрат законскиот процент од 0,8% од БДП за судската власт.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа**

Програма за работа за 2024 година заведена под СУ.бр.658/23

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Граѓански оддел постапуваат 5 судии и кривичен оддел постапуваат 6 судии, од кои тројца судии постапуваат во Одделението за кривични полнолетни сторители, додека пак, останатите тројца судии се распоредени во Одделението за прекршоци.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Годишниот распоред на судии се донесува секоја година и се изменува кога има нови судии. Во склоп на записниците на одржани седници на судии се заведени и годишните распореди за работа на судот.

СУ бр.438/19 од 27.12.2019 со измени СУ бр.89/20 од 27.02.2020, СУ 106/20 од 18.03.2020 и СУ бр. 153/2020 од 30.06.2020
СУ бр.306/2020 од 30.12.2020
СУ бр.393/21 од 30.12.2021 и измена Су бр.202/21 од 30.06.2021,
Су бр.460/2022 од 30.12.2022 со измени СУ бр.162/23 од 27.04.2023 и СУбр. 404/23 од 07.09.2023
СУ бр.619/23 од 29.12.2023 со измена 04 СУ бр.37/24 од 21.02.2024

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД) - има за секој оддел засебно.**
5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица.**

Има формирано служба за информатика како посебна организациона единица - ИТ одделение, кое се состои од тројца информатичари и постоечка одлука за

распределба на нивните активности во судот во ИТ делот (СУ-03-51-22 - Одлука со работни задачи на ИТ Одделението).

6. **Формиран е оддел за судска практика во судот и за одговорно лице на следење на судска пракса е назначена Шпреса Даути. Увид во Одлука СУбр.89/20 од 27.02.2020 година.**
7. **Формирана е канцеларија за односи со јавноста и назначен е потпарол на судот.**
8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Нема судски администратор од февруари 2021 година. Побарано е од Судски совет вработување на судски администратор. Во барањето за унапредување до Судски совет СУ-04-258/24 од 22.08.2024 година е побарано вработување на неколку службенци меѓу кои и за судски администратор, меѓутоа со барање ново до Судски совет СУ-04-268/24 од 02.09.2024 е повлечено барањето за вработување на судски администратор.
Во судот вработени пополнети се 120 од предвидени 240 работни места. Од наведените причини претседателот на судот ја врши распределбата на службениците.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2020, 2021, 2022 , 2023 и 2024 год.**

Претседателот на судот редовно врши контроли. Се врши внатрешен надзор на АКМИС системот:
Записници за извршена контрола и проверка во електронскиот систем АКМИС во Архивата и во судските писарници: 03 СУ-249/20 од 05.11.2020, СУ-68/20 од 12.03.2020, СУ-109/21 од 13.04.2021, СУ-292/21 од 04.10.2021, СУ-108/21 од 13.04.2021, СУ-105/22 од 12.04.2022, СУ-291/22 од 04.10.2022, СУ-166/23 од 24.04.2023, СУ-445/23 од 25.09.2023, СУ-240/24 од 15.04.2024 и СУ-541/24 од 04.10.2024, .
Извештај за направена внатрешна контрола на Информацискиот систем и Информатичката структура - 15.12.2021 год.
Извештај за направена внатрешна контрола на Информацискиот систем и Информатичката структура - 14.11.2022 год.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) Редовно се водат записници, увид во записник СУ бр.220/21 од 17.07.2021 година.**

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Редовно се водат записници, увид во следните запсиници: СУ бр.41/21 од 11.02.2021, СУ бр. 265/21 од 10.09.2021

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Редовно се оржуваат, увид во записници од одржани седници

СУ бр.37/20, СУ бр.89/20, СУ бр.460/22, Су бр.619/23, СУ бр.68/24, СУ бр.153/20, СУ бр.306/20, СУ бр.393/21, СУ бр.300/20, СУ бр.353/21, СУ бр.278/21, СУ бр.259/22, СУ бр.618/23, СУ бр.312/21, СУ бр.259/22, СУ бр.123/21, СУ бр.424/22, СУ бр.129/24, СУ бр.618/23, СУ бр.154/21, СУ бр.313/22, СУ бр.245/24, СУ бр.106/20, СУ бр.424/22, СУ бр.275/24, СУ бр.176/24, СУ бр.66/23, СУ бр.533/23.

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Редовно се доставува од страна на претседателот на судот.
Увид во следните извештаи:
СУ.бр.72-1/21 од 09.03.2021 година, СУ.бр.24-1/22 од 31.01.2022 година, 03СУ. бр.29-1/23 од 16.02.2023 година, 03СУ.бр.20-1/24 од 29.01.2024 година

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Во рамките на Годишните извештаи се прават статистички извештаи.

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Тетово за 2020, 2021, 2022 , 2023 и 2024 година**

Апелациониот суд Гостивар редовно врши надзор над работата на Основниот суд Тетово, освен за време на КОВИД пандемијата.
Извештаи заведени во судот под СУбр.356/21, СУ бр. 291/22.

16. **Надзор над работата на нотарите.**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Во текот на годината претседателот на судот редовно одржува состаноци со нотарите и уредно се изготвуваат записници за одржаните состаноци.
03СУ 97/20, СУ 604/23, СУ 509/24.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

### 17. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)

Обуки по потреба се вршат од страна на информатичарите во судот организирано во групи во просториите на судот. Информатичарите вршат и обука за тонско снимање.
Исто така се испраќаат дел од вработените во основните судови во Скопје и Велес за размена на искуства и знаења во однос на работата со АКМИС.
Вработените во одделот за информатика исто така посетуваат соодветни обуки од областа на ИКТ технологијата.
Од Академијата за судии и јавни обвинители редовно се доставуваат известувања за одржување на обуки на кои се номинираат лица за посета на истите.

### 18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

Во поглед на информатичката опрема со која располага судот комисијата беше информирана дека нема компјутери со постари верзии на оперативни системи за кои е укината поддршката. Сите компјутери се со оперативен систем Windows 10, серверите со Windows server 2022, меѓутоа опремата е застарена и амортизирана и потребно е замена со нова.
На состанокот беше истакнато дека распределбата на информатичка опрема од страна на Врховниот суд е несоодветна и истатата не одговара на потребите на судот во поглед на бројот на предмети со кои работи судот. Бараат да се распределува овој вид на опрема според реалните потреби на секој суд, во зависност од бројот на предмети како и надлежности кои ги има судот.
Исто така не известија дека за првпат имале посета од страна на Врховниот суд за увид на застарена ИТ опрема.

### 19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи има направено според Годишниот распоред со прецизно дефинирани привилегии за пристап и истите се дадени на увид во АКМИС.
СУ-04-292/21 од 06.04.2021, СУ 64/24 од 29.01.2024 година

**20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Има внатрешни процедури за привилегии за АКМИС. Администраторот на АКМИС врз основа на Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица го определува нивото на пристап до документите/информациите содржани во информацискиот систем по претходно овластување добиено од страна на Претседателот на ОС Тетово заведено под СУ 142/23.

**21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Секој референт има распоред за дежурства (прекршочен оддел, притвори, истраги) кој ги внесува во АКМИС.
Извршен беше увид во АКМИС за календар на дежурства за период од 2020 до 2024 година и беше констатирано дека се истите се внесени.

**22. Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни документи.

**23. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

**24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Администратор на АКМИС и за автоматска прераспределба задолжен е раководителот на оддел за информатика, за автоматска распределба на предмети задолжени се уписничарите во судот.
Задолженото лице за АКМИС за цело време на надзорот беше присутен и одговараше на поставените прашања од страна на комисијата.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година (175 став 5 СД)**

Одлуките за прераспределба се внесуваат во АКМИС. Направен е увид по случаен избор во Одлука СУ03-149/23 врз основа на Решение за иземање на судија СУИЗЗ.бр.36/23. Има задолжено лице за вклучување и исклучување на судии кој ги внесува овие одлуки.

Увид во хартиена форма на следниве одлуки за исклучување на судија поради отсуство подолго од 5 работни дена: 04 СУ бр.65/24 од 19.03.2024, 04 СУ бр. 71/24 од 25.03.2024, СУ-03-1/22 од 03.01.2022, СУ-03-19/22 од 04.02.2022, СУ-03-27/21 од 26.02.2021, Су 03 бр.161/2020

**26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за иземање за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година**

Од страна на комисијата беше направен увид во предмети избрани по случаен избор од различни уписници и беше констатирано дека одлуките за иземање се уредно внесени во АКМИС системот.

Увид во хартиена форма на следните одлуки за иземање: СУИЗЗ бр.116/24, СУ-ИЗЗ-1/22, СУИЗЗ бр.10/21

**27. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година.**

Нема одлуки за рачна распределба.

**28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Комисијата изврши увид во АКМИС за случајно одбрани предмети од 2020 до 2024 година:

- Предмет од граѓански одел П1-902/19 - Поднесен, примен, заведен и примен од страна на судија на ден 06.12.2019 и автоматски распределен истиот ден.
- Предмет од граѓански одел П2-386/20 - Поднесен, примен, заведен и примен од страна на судија на ден 14.12.2020 и автоматски распределен истиот ден.

- Предмет од граѓански одел П1-39/21 - Поднесен, примен, заведен и примен од страна на судија на ден 15.01.2021 и автоматски распределен истиот ден, направена прераспределба врз основа на СУ-ИЗЗ 4/21 на ден 25.01.2021
- Предмет РО-500/22 - Поднесен, примен, заведен на ден 28.06.2022, примен од страна на судија на ден 29.06.2022 и автоматски распределен истиот ден. Направена прераспределба врз основа на Одлуки за прераспределба СУ.04.бр.89/23 и СУ.03.бр.143/23.
- Предмет од кривичен оддел К-533/2023 - Поднесен, примен, заведен на ден 16.08.2023, распределен 16.08.2023 и примен од страна на судија наредниот ден на 17.08.2023 година
- Предмет од кривичен оддел К-156/2023,- Поднесен, примен, заведен на ден 23.02.2023, распределен 23.02.2023 и примен од страна на судија наредниот ден 24.02.2023 година
- Предмет од граѓански оддел П1-1717/24 Поднесен, примен, заведен и примен од страна на судија на ден 09.10.2024 и автоматски распределен истиот ден.

**29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Во моментот на надзорот 12:30 часот за автоматска распределба имаше вкупно 22 предмети. Беше направен увид во списокот на примени предмети од писарница во АКМИС кои чекаат на автоматска распределба.
Автоматската распределба се врши после 14 часот еднаш во денот.

**30. Уписници што се водат во хартиена форма**

Уписникот СУ кај претседателот на судот се води хартиено и електронски

**31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Опремата е функционална и се користи за снимање на рочиштата. Вработените напоменаа дека имаат проблеми со тонското снимање во поглед на двојазичноста, а исто така сметаат дека системот ФЕМИДА треба да биде интегриран во АКМИС.

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

**32. Електронска достава се врши со адвокатите, да се дополни број на извршени електоронски достави (ако имаат бројка).**

- Во 2020 година од страна на судиите се извршени вкупно 368 достави по електронски пат.
- Во 2021 година од страна на судиите се извршени вкупно 307 достави по електронски пат.
- Во 2022 година од страна на судиите се извршени вкупно 277 достави по електронски пат.
- Во 2023 година од страна на судиите се извршени вкупно 494 достави по електронски пат.
- Во 2024 година од страна на судиите се извршени вкупно 1237 достави по електронски пат.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година (член 16 СД).**

Редовно се донесени одлуки за формирање на работно тело за контролираниот период и увид во истите.
СУ 04-269/20 од 25.02.2020, СУ 07-30/21 од 24.02.2021, СУ 04-333/22 од 29.01.2022, СУ 04-21/23 од 16.02.2023, СУ 04-10/24 од 16.01.2024 година.

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година по предлог на работното тело**

Увид во план заведен под СУ 04-293/21 од 06.04.2021 година

**35. Внатрешни процедури**

- 2020 година заведени се под Су-04 270/20 до Су 04-274 /20
- 2021 година заведени се под Су-04 245 /21, 249/21
- 2022 година заведени се под СУ 04- 333/22,
- 2023 година заведени се под Су 04-33/23 до 33-4
- 2024 година заведени се под СУ 07 бр.1/24 до 1/24 -5


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

36. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

- 2020 година записниците се заведени под Су 07 и тоа 11/20, 19/20, 23/20, 28/20, 37/20, 161/20, 171/20, 194/20, 205/20
- 2021 година записниците се заведени под Су 07 и тоа 21/20, 33/21, 41/21, 52/21, 60/21, 69/21, 205/21, 229/21, 239/21, 245/21, 251/21,
- 2022 година записниците се заведени под Су 07 и тоа 9/22, 16/22, 24/22, 28/22, 29/22, 30/22, 31/22, 32/22,
- 2023 година записниците се заведени под Су 07 и тоа; 1/23, 2/23, 3/23,4/23, 5/23, 6/23, 7/23, 8/23, 9/23, 10/23 и 11/23
- 2024 записниците се заведени под Су 07 и тоа 1/24, 2/24, 3/24, 4/24, 5/24, 6/24, 7/24, 8/24, 9/24, 10/24

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

37. **Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Преку веб страната се врши информирање на јавноста. Се одржуваат средби со факултетите, има волонтери во судот

38. **Огласна табла на судот**

Огласната табла е видливо истакната во судот.
Видео дисплеите не се во функција заради нивна неисправност. Истите се расипани и дотраени и нема средства за да може да се поправат или заменат со нови.

39. **Простории за судии поротници и за адвокати**

Имаат засебни простории за поротници, слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители, курири.

40. **Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2020,2021,2022, 2023 и 2024 година.**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

## 41. Архива

Комисијата направи увид во активната и пасивната архива на судот, која уредно се излачува согласно закон, судскиот деловник и процедурите на Архивот. Претседателот на судот има задолжено лице кое повеќе од 4 години е одговорен за архивата во судот. Овој службеник целосно се посветил на задачата и успеал да ги среди сите предмети посебно по години, по видови, имаат посебна просторија заклучена со корпора деликти, со ознаки и уредно наредени на полици. Претседателот на судот и архиварите успеале да воведат редовни процедури за архивирање и предметите во судот се чуваат уредно во просториите на подрумот, каде архиварот одржува ред на највисоко ниво.
Посветеноста на овој службеник на работата, но и останатите колеги во судот претставуваат пример дека со секојдневна работа можат да се постигнат навистина видни резултати.
Од наведените причини, Комисијата констатираше дека овој суд и претседателот на судот оствариле најзначајни резултати и напредок во постапување по забелешките во однос на претходно утврдените состојби во судот.  Исто така, претседателот на судот предложи претставник од судот, информатичар да биде дел од работното тело во Врховниот суд на Република Северна Македонија, со цел да даде свои предлози за подобрување на работата на АКМИС во судовите.

Увидот заврши на ден 10.10.2024 во 13:10  часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk